| | | | | 1 | Изработка на Проектна документација за препумпни станици на канализациони мрежи | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | Проектна документација за канализација за населените места од Ергеле до Драчево од километар | 40.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 3 | Проекти за независни канализации со пречистителни станици за н.м. Црешево, Булачани, Раштак, Смиљковци, Виниче и Страчинци и Брњарци за 4000 е.ж | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | проектна документација за атмосферска канализација за нас.Железара 4000м | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | проектна документација за атмосферска канализација за нас. Јане Сандански 4000м | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 6 | изработка на проектна документација за атмосферска канализација Индиково и отворени канали во Индиково | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 7 | Проектна документација за пречистителни станици за фекална канализација за населените места: | | | | | | | | |
| | | | | 7.1 | Трубарево и Гоце Делчев 4000 е.ж | 870.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 7.2 | Идризово 1500е.ж | 470.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | проектна документација за атмосферска канализација за нм Економија покрај Р 102 | 150.000,00 | | | | | | | |
| 9 | Проектна документација за атмосферска канализација за ул. Финска | 150.000,00 | | | | | | | |
| 10 | Проектна документација за фекална канализација на ул. Сречко Пужалка | 150.000,00 | | | | | | | |
| 11 | Проектна документација за фекална канализација на ул. Финска | 150.000,00 | | | | | | | |
| 12 | Проектна документација за атмосферска канализација за ул. Гемиџиска | 150.000,00 | | | | | | | |
| 13 | Проектна документација за атмосферска канализација за ул. Сава Михајлов | 100.000,00 | | | | | | | |
| 14 | Проектна документација за фекална канализација за ул. Сава Михајлов | 100.000,00 | | | | | | | |
| 15 | Проектирање на други канализациони објекти | 100.000,00 | | | | | | | |
| 16 | проекна документација за поврзување на канализација ул.Товарник со ул.М.А.Ченто | 50.000,00 | | | | | | | |
| 17 | Проектна документација за фекална канализација во старниот дел од н.м.Хиподром 2 | 150.000,00 | | | | | | | |
| 18 | проектна документација за изградба на фекална канализација во Триангла -кај кожара Годел. | 50.000,00 | | | | | | | |
| 19 | проектна документација за изградба на канализациона мрежа од сува чешма до последна 65 во н.м.Инџиково(игралиште) | 100.000,00 | | | | | | | |
| 20 | проектна документација за изградба на канализациона мрежа на ул.Фуштанска н.н. Ченто | 100.000,00 | | | | | | | |
| 21 | проектна документација за изградба на канализациона мрежа во н.м. Црешево | 100.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 22 | проектна документација за изградба на фекална канализација во н.н Стрмашево | 390.000,00 | | | 600.000,00 | | | | |
| | 23 | проектна документација за канализациона мрежа (атмосферска и фекална )на ул.Лазар Поп Трајков | 300.000,00 | | | | | | | |
| | 24 | Проектна документација за атмосферска канализација на улица Разлошка и Никола Киров Мајски | 150.000,00 | | | | | | | |
| [illegible] | | Изградба на канализациони системи | 24.100.000,00 | | | | | | | |
| | 1 | Изградба на фекална канализација Керамидница (кај саемиште, кај канал 5, пумпа петрол и новопроектирани улици) | 300.000,00 | | | | | | | |
| | 2 | Изградба на фекална канализација во н.н Трубарево и Чаир Маало втора фаза | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | | | | | | |
| | 3 | Изградба на фекална канализација во н.н.Гоце Делчев | 0,00 | 12.000.000,00 | | | | | | |
| | 4 | изградба на канализација во н.н Смилтиќ (Попово Маало) | 1.000.000,00 | | | 2.000.000,00 | | | | |
| | 5 | Изградба на фекална канализација во н.н.Јурумлери | 0,00 | | | | | | | 72.000.000,00 |
| | 6 | Изградба на атмосферска канализација ул. Трајко Китанчев и ул. Сава Михајлов (во кај Јане Сандански) | 0,00 | | | | | | | |
| | 7 | Изградба на спој на атмосферска со канал на ул Јуриносардовска и Српско Пушкина | 0,00 | | | | | | | |
| | 8 | Изградба на фекална канализација во н.н Црешево прва фаза | 0,00 | 5.000.000,00 | | | | | | |
| | 9 | Изградба на фекална канализација прва фаза во Синилковци | 0,00 | 5.000.000,00 | | | | | | |
| | 10 | Изградба на секундарна атмосферска канализација во н. Триангла | 0,00 | 6.000.000,00 | | | | | | |
| | 11 | изградба на фекална и атмосферска канализација по ул.Лазар Поп Трајков прва фаза | 3.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12 | изградба на атмосферска канализација во н.м.Економија | 1.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 13 | Изградба на други канализациони мрежи согласно склучени договори | 1.500.000,00 | | | | | | | | |
| | 14 | изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул.Фуштанска н.м. Ченто | 1.500.000,00 | | | | | | | | |
| | 15 | Изградба на атмосферска канализација Три куќи позади зграде | 1.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 17 | Изградба на атмосферска и фекална канализација на стамбени улици во блок 3 СИ 04 во индустриска зона-спроти Мерцедес во нас. Маџари-со комплетна подземна инфраструктура | 3.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 18 | изградба на атмосферска и фекална канализација во с.Страчинци, во нм Економија и во нм Виниче | 3.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 19 | изградба на фекална канализација на дел од ул.Дурмиторска | 1.300.000,00 | | | | | | | | |
| | 20 | изградба на атмосферска канализација на ул.516 | 1.500.000,00 | | | | | | | | |
| 4821 50 | **ревитализација и рехабилитација на канализациона мрежа** | | 3.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 1 | ангажирање на механизација за реконструкција на инфраструктурни објекти | 1.500.000,00 | | | | | | | | |
| | 2 | ревитализација и рехабилитација на канализациони системи | 1.500.000,00 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| [illegible] | | | Изградба на депонии за отпад | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | 4824 10 | | Проектирање на депонии за отпад | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | 4824 20 | | Изградба на депонии за отпад | 0,00 | | | | | | | |
| | | | ангажирање на механизација за чистење на диви депонии | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| 4827 | | | Капацитети за водоснабдување | 17.250.000,00 | | | | | | | |
| | проектирање на водоводна мрежа | | | 2.400.000,00 | | | | | | | |
| | | 1 | Проекти за секундарни водоводни мрежи во н.м. Страчинци | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | 2 | Проектирање на други водоводни мрежи и системи | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | 3 | Проектирање на акумулации за наводнување | 0,00 | | | | | | | |
| | | 4 | проектна документација за водоводна мрежа за крак на ул.1 во н.м.Идризово | 0,00 | | | | | | | |
| | | 5 | проектна документација за водоводна мрежа во стар дел од н.м.Хиподром 2 | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | 6 | Проектна документација за водоводна мрежа за станбени улици во блок 3 СИ 04(спроти Мерцедес) | 100.000,00 | | | | | | | |
| | | 7 | проектна документација и елаборат за хидрогеолошки бушотини во Раштак, Булачани и Бразда | 400.000,00 | | | | | | | |
| | | 8 | Проект за резервоар во Црешево за пинка вода 1 фаза | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| | изградба | | | 10.050.000,00 | | | | | | | |
| | [illegible] | 1 | изградба на водоводна мрежа во ниска зона во с.Раштак | 2.500.000,00 | | | | | | | 4.000.000,00 |
| | | 2 | Доизградба на водовод и во населба Каниње (спој со ул. Товарник-1) | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | 3 | водоводна мрежа во нм Ченто новопроектиранo крак на Жегљане | 0,00 | | | | | | | |
| | | 4 | изработка на вододна мрежа во нас. Хиподром2 | 500.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | Изградба на објекти за подобрување на водоснабдување во Страчинци | 0,00 | | | | | | | | |
| | 6 | Изградба на други водоводни мрежи и објекти на водоводните системи согласно потпишани договори | 1.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 7 | изградба на водоводна мрежа на крак на ул.2 во н.м.Јурумлери-Дунек | 100.000,00 | | | | | | | | |
| | 8 | изградба на водоводна мрежа на крак на ул.5 во н.м.Јурумлери | 100.000,00 | | | | | | | | |
| | 9 | изградба на водоводна мрежа на крак на ул.1 во н.м.Идризово | 50.000,00 | | | | | | | | |
| | 10 | Изградба на станбени улици (водоводна мрежа во блок 3 СИ 04 во индустриска зона-спроти Мерцедес во нас. | 1.500.000,00 | | | | | | | | |
| | 11 | изработка на истражни бушотини за водоснабдување и довод до резервари во Брњарци, Булачани и Раштак | 2.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 12 | вградување на огрлици на постоечки и новоизградени водоводни линии | 1.800.000,00 | | | | | | | | |
| | | **ревитализација** | 4.800.000,00 | | | | | | | | |
| [illegible] | 1 | ревитализација на каптажа и шахти за таложење во Раштак и Булачани | 1.500.000,00 | | | | | | | | |
| | 2 | ревитализација на водоводни линии на краци од Сава Михајлов 2-12 | 300.000,00 | | | | | | | | |
| | 3 | ревитализација на водоводна мрежа во висока зона нм Автокоманда | 500.000,00 | | | | | | | | |
| | 4 | реконструкција на други водоводни мрежи и објекти на водоводните системи | 2.000.000,00 | | | | | | | | |
| | 5 | замена на азбесни цевки за водоснабдување на територија на општина Гази Баба | 500.000,00 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| [illegible] | | | Изработка на други објекти и проекти | 27.651.347,00 | 30.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | | | | |
| | Проекти | | | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | 1 | проект за уредување на каналот во н.м. Singелиќ | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | 2 | проект за уредување на каналот во н.м. Стајковци | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | 3 | изработка на проект за одводнување на упт во н.м.Булачани | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | 4 | проект за уредување на речни корита и канали | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | 5 | Изработка на Проекти за други објекти | 200.000,00 | | | | | | | |
| | | 6 | Ревизија на проекти | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| | | 7 | Проектна документација за спортска сала за н.м.Булачани | 400.000,00 | | | | | | | |
| | | 8 | Проектна документација за спортска сала за н.м.Црешево | 400.000,00 | | | | | | | |
| | | 9 | Проектна документација за спортска сала за н.м.Стајковци | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | 10 | проект за ограда во О.О.У Вера Јоциќ | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | 11 | проектна документација за детска градинка Инџиково | 0,00 | | | | | | | |
| | | 12 | проектна документација за детска градинка Керамидница | 0,00 | | | | | | | |
| | | 13 | проектна документација за детска градинка Трубарево | 0,00 | | | | | | | |
| | | 14 | проектна документација за детска градинка Ченто | 0,00 | | | | | | | |
| | [illegible] | | Изградба на други објекти | 21.651.347,00 | | | | | | | |
| | | 1 | Изградба и промена на спортски игралишта со вештачка трева | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | 2 | Изградба на детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема и мини спортски игралишта | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | 3 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во училишта, градинки и други воспитно образовни објекти | 3.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Изградба на други објекти | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| 5 | Изградба на спортски центар Црешево-Стајковци | 0,00 | | | | | | | |
| 6 | Изградба на спортска сала н.м.Стајковци | 0,00 | | | 25.000.000,00 | | | | |
| 7 | изградба на детска градинка во н.м.Стајковци | 0,00 | 15.000.000,00 | | | | | | |
| 8 | изградба на монтажен паркинг во н.Автокоманда | 0,00 | 15.000.000,00 | | | | | | |
| 9 | Вршење на стручен надзор над изградба на детска градинка во н.м.Стајковци | 900.000,00 | | | | | | | |
| 10 | Вршење на стручен надзор над изградба на вакуумска канализација во н.м.Јурумлери | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| 11 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација на објекти од патна инфраструктура и објекти од високоградба , спортски детски игралишта, градежно занаетчиски работи | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| 12 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација од хидротехнички инсталации | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| 13 | Изградба на спортска сала н.м.Булачани | 0,00 | | | 25.000.000,00 | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 14 | Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100метри преку детално уредување на каналот во село Сингелиќ ОПБ 1 фаза | 2.751.347,00 | | | | | 2.746.596,00 | | |
| | | | | 15 | Вршење стручен надзор над изградба на општинска зграда | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | [illegible] | | Ревитализација | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Ревитализација на детски забавни паркчиња, мини спортски игралишта и јавни површини | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | Ревитализација на други објекти сопственост на општина Гази Баба | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | [illegible] | | | | Не материјални трошоци откуп на земјиште | 10.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | [illegible] | | | Не материјални трошоци откуп на земјиште | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | [illegible] | | Откуп на земјиште | 5.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | Надоместок за одземен имот | 3.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | [illegible] | 1 | Надомест - обештетување на лица или правни субјекти, за ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 1.500.000,00 | | | | | | | |

**5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ**

5.3 **Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат**: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/14, и 104/15) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3) Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Гази Баба за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

5.4. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација" – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015 и 31/2016).

Ј.П. „Водовод и канализација" - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Гази Баба.

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

6.1 Надоместок

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Гази Баба за инфраструктура од значење за општината утврдена со УП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2020 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

### 6.2 Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во урбаниот дел на Општина Гази Баба

**6.2.1.Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + пречистителна станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

**6.2.2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка**

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа------------------------------------------1,50 %
- Фекална канализациона мрежа----------------------1,50 %

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**6.2.3.Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**6.2.4.Распределба и начин на плаќање**

Надоместокот се распределува во следниот сооднос:
-60% за Град Скопје за изградба на инфраструктура од значење за Град Скопје утврдена со ГУП и
-40% за Општина Гази Баба за изградба на секундарна инфраструктура утврдена со ДУП.

**6.3 Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места и вон населените места на Општина Гази Баба**

Инвеститорите на станбени, јавни, деловни, стопански, производни и други објекти во атарите на населените места на територијата на Општина Гази Баба ќе плаќаат надоместок за подготвителни работи во уредувањето на градежното земјиште во износ дадено во табелата во евра (во денарска противредност).

| Вид на објект | Прва зона | Втора зона | Трета зона |
|---|---|---|---|
| Станбени објекти | 15 евра | 10 евра | 5 евра |
| Деловни, јавни и производни објекти | 30 евра | 15 евра | 10 евра |

Средствата ќе се користат за изработка на урбанистички планови, изработка на техничка документација за градба на инфраструктура,водење на постапки за обезбедување на средства за градба на инфраструктура итн.
Надоместокот од населените места се 100% за Општина Гази Баба за изградба на инфраструктура согласно урбанистичка документација.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за делот од Општина Гази Баба, може да се плаќа на рати, со согласност од Општината за што сопственикот на градежната парцела е должен да достави банкарска гаранција или залог (хипотека) на недвижен имот.

### 6.4 ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Сл. весник на РМ бр. 93/2011; 65/2012; 75/2012 и 98/2012, 133/2013, 155/2013, и 96/2014), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање ("Службен весник на РМ" бр. 60/2012, 29/15, 32/16, и 114/16), и Законот за просторно и урбанистичко планирање (Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. (Сл. весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16)

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот), и не се враќа за пренамена од деловен во станбен простор.

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

За објекти за кои до 01.01.1997 год. (ден на примената на првиот Закон за Градот Скопје од 1996 год.) се склучени договори за надоместок, врз основа на услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс-договор кон основниот договор помеѓу Општина Гази Баба и инвеститорот. Инвеститорот е должен да достави документ, дека во предходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градење.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку земјиштето не е изложено, поточно инвеститорот има поседовен лист за изграден објект за признавање на постојна површина потребно е да достави договор за платен надоместок, проект со урбанистичка согласност и одобрение за градење.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За површината на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се урivaат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Трошоците за уредување на градежно земјиште, ги плаќа 100% Градот Скопје за изградба на основните инфраструктурни објекти (за собирни, магистрални улици и други примарни инфраструктурни објекти) и 100% Општината за секундарни инфраструктурни објекти (станбени, сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти) со едно приклучно место од инфраструктурните мрежи до една градежна парцела односно објект.

За објекти за кои договорите за надоместок за уредување на градежно земјиште се склучени до 31.12.2006 година, изведбата на инфраструктурните објекти ќе се финансира 60% Градот и 40% Општината, независно дали се изведуваат примарни или секундарни инфраструктурни објекти.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во точка **6.2.1. и 6.2.2,** да овозможи приклучување на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветно комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и Општината, а пред

склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови деталии урбанистички планови, истите се вклопуваат.

- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластени субјекти. Притоа се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината.
- Во изградбата на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.
- Градот и Општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.
- При регулирање на надоместокот корисникот е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградената инфраструктура после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку се докаже со документација дека истиот го регулирал).
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, да се регулираат договорно помеѓу Ј.П. "Водовод и канализација" и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот – до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежи наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П. "Водовод и канализација". Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П. "Водовод и канализација".
- Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши со исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и Општината.
- Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, без согласност на Градот Скопје и Општината, Градот и Општината нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општината и корисникот.
- Корисникот е должен пред барањето за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и Општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина, правата и обврските се уредуваат со Анекс-договор.

## 8. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општина Гази Баба ја финансира изработката на урбанистичките планови и задачите планирани согласно Програмата Ф.

## 9. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 9.1 Граници на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште во урбаниот дел на Општина Гази Баба

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на

градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

**Комплексите се утврдени со следните граници:**

| КОМПЛЕКС-1 |
|---|

ДЕЛ-1 (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: ССИ 08, ССИ 09, ЦС 09, ЦС 10, ЦС 11 и ЦС 12, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Гази Баба.

| КОМПЛЕКС-2 |
|---|

ДЕЛ-2- (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: ССИ 07, С 17, С 18 и С 26, каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Гази Баба.

| КОМПЛЕКС-3 |
|---|

ДЕЛ-3- (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: С 19, С 20, С 23, СИ 01, СИ 02, СИ 03, СИ 04, СИ 05, СИ 06, СИ 07 и СИ 10, каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Гази Баба.

| КОМПЛЕКС-4 |
|---|

ДЕЛ-4 - (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: С 21 и С22 – нас. Ченто, кака и СИ 08, СИ 09, СИ 11 и СИ 12 – с. Маџари, каде завршува описот на комплекс-4- за Општина Гази Баба.

**Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.**
**9.2. Границите на зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјите во населените и вон населените места на Општина Гази Баба** се одредени со следните опфати:

**Зоните се утврдени со следните опфати:**

**I Зона** ги опфаќа:
-планските опфати дефинирани со урбанистички планови вон населено место покрај Заобиколницата, планските опфати дефинирани со урбанистичките планови за населените места Инџиково, Стајковци и Сингелиќ.

**II Зона** ги опфаќа:
-планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место во Општина Гази Баба, за населените места: Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово, Колонија-Идризово.

**III Зона** ги опфаќа:
-планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место и Одлуки за начинот на градење во населени места во Општина Гази Баба, кои немаат урбанистичка документација, за населените места: Брњарци, Црешево, Смилковци, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци.

**10.ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства и стварни правни, технички и материјални услови.
Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Подпрограма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште, како и обврските од склучениот Договор за вршење стручни и административни работи во уредувањето на градежното земјиште, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ.

## V. Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)

### ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредуваат капиталните расходи за уредување на просторот во руралните подрачја.
Финансирањето на оваа Подпрограма е од неданочни приходи, односно од донации од физички лица и донации од претпријатија.

**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **2.400.000** | |
| **74** | **Трансфери и донации** | | | | | **2.400.000** | |
| | 744 | Тековни донации | | | | 1.300.000 | |
| | | 7441 | Донации од приватни компании | | | 1.300.000 | |
| | | | 744111 | Тековни донации од претпријатија | | 1.300.000 | |
| | 743 | Капитални донации | | | | 1.100.000 | |
| | | 7432 | Капитални донации | | | 1.100.000 | |
| | | | 743211 | Капитални донации | | 1.100.000 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Одде л | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | **2.400.000** | |
| **48** | **Други градежни објекти** | | | | | **2.400.000** | |
| | 482 | Други градежни објекти | | | | 2.400.000 | |
| | | 4821 | | | | 2.400.000 | |
| | | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | | 1.200.000 | |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | | 1.200.000 | |

**11.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. За спроведување на оваа програма надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-218/7**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/6**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

# ПРОГРАМА

# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

**Јануари, 2020 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 14 став (4) од Законот за јавните патишта (''Службен весник на РМ'' бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација, како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во надлежност на Општина Гази Баба за 2020 година, нивниот распоред и користење по намени.

### II. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во Општина Гази Баба за 2020 година се утврдуваат во износ од 9.600.000,00 денари, што ќе се остварат од следниот извор:

- Од ЈП за државни патишта на РМ (средства за 2020 година) - 5.800.000,00 денари; и
- Од Буџетот на Општина Гази Баба (средства за 2020 година) - 3.800.000,00 денари, претставени во табеларниот приказ даден во прилог.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**III. РАСХОДИ**

**Расходите во висина на приходите во износ од 9.600.000,00 ден.**

| Бр. | | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА: БУЏЕТ НА ОГБ содржани во ФА | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ (ЈП за државни патишта) | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Ј6 | За редовно одржување со крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 | | | | 2.000.000,00 |
| 2 | Ј6 | Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на коловозни конструкции) на пристапни улици и патишта, кои претставуваат делници на локален пат и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 1.000.000,00 | | 800.000,00 | | | | 1.800.000,00 |
| 3 | ЈД | Предвидено зимско одржување на ЛГБ 1, ЛГБ 4, ЛГБ 8, ЛГБ 2 и улици во надлежност на општината | | 1.800.000,00 | | 4.000.000,00 | | | | 5.800.000,00 |
| | | ВКУПНО | | 3.800.000,00 | 0,00 | 5.800.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 9.600.000,00 |
| | | Структура во % | | 39,58 | 0,00 | 60,42 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |

## IV. Преглед на планирани приходи и расходи

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно планирани приходи: | по точка 2.1 | 9.600.000,00 ден. |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 9.600.000,00 ден. |
| Вкупно планирани расходи: | по точка 3.1 | 2.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.2 | 1.800.000,00 ден. |
| | по точка 3.3 | 5.800.000,00 ден. |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | 9.600.000,00 ден. |

## V. Преодни и завршни одредби

За спроведување на оваа програма надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, е во согласност со планираните средства во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-218/8**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (Ј) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА - ПОДПРОГРАМА (ЈНО) УРБАНА ОПРЕМА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

1. Се објавува Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/7**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје**

# ПРОГРАМА

## ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (Ј) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

**- ПОДПРОГРАМА (ЈНО) УРБАНА ОПРЕМА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ -**

**Јануари, 2020 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (Ј), НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

**- ПОТПРОГРАМА (ЈНО) УРБАНА ОПРЕМА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ-**

Со оваа потпрограма се уредува:

1 **Извори за финансирање на подпрограмата**
2. **Пресметување на трошоците за урбана опрема**
3. **Динамика на извршување на подпрограмата**
4. **Преодни одредби**

## 1. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА

Општината обезбедува капитални средства за подигање и изградба на нови паркови и зелени површини од Буџетот за 2020 година.

## 2. ТРОШОЦИ ЗА ИЗГРАДБА НА УРБАНА ОПРЕМА

### 2.1. Видови расходи

Расходи за реализација, според намената и по поедини видови елементи на општината се:

| Категорија | Ставка | Потставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | 425 | | | 300.000,00 |
| | | 425 130 | Изнајмување на друг тип на простор | 300.000,00 |
| | | | Вкупно: | 300.000,00 |

**2.2. Распоред на расходи по проекти**

**Образложение**

Средствата се ставени во функција на уредување на нови паркови и други зелени површини, спортски терени и детски игралишта.

**2.1.1**Поставување на нова и замена на постоечка оштетена урбана опрема во сите населени места каде има потреба:

-Клупи
-Корпи за отпадоци
-Огласни табли
-Фонтани и чешми
-Летниковци

**2.1.2** Уредување на урбана опрема која се однесува за набавка на нова опрема и тоа:

-опрема за спортски терени
-опрема за детски терени
-заштитини метални ограничувања и др.
-изнајмување на тоалет кабини при настани кои предвидуваат масовни собири на отворено

**4. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Потпрограматата под точка **2.1.1** ќе ја врши ЈКП "Гази Баба-2007" - Скопје а под точка **2.1.2** ќе ја врши Општина Гази Баба.

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-218/9**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

1. Средствата за финансирање на **Програмата на Советот на Општината** се предвидуваат во вкупен износ од **8.980.000** денари. Истата ги содржи планираните средства за исплата на надоместоци на советници во износ од 6.300.000 денари, на персоналниот данок на доход во износ од 900.000 денари, на постојана резерва во износ од 400.000 денари, за тековните резерви во износ од 800.000 денари, за патни и дневни расходи во вкупен износ од 280.000 денари, за репрезентација во износ од 250.000 денари и за други оперативни расходи во износ од 50.000 денари. Тековната и постојаната буџетска резерва кои се планирани во вкупен износ од 1.200.000 денари се распределуваат со Одлуки на

Советот на општината по одделни намени за кои ќе биде потребно да се реализираат овие средства.

Во рамките на оваа програма од 2020 година влегува и потпрограмата А1 - Изборни активности и референдуми, без планирани средства.

2. Програмата од која се финансираат активностите на **Градоначалникот** на Општината е планирана во вкупен износ од **7.100.000** денари. Оваа програма ги содржи планираните средствата за плата и други надоместоци на Градоначалникот кои заедно со персоналниот данок и придонеси од плата и другите надоместоци се планирани во вкупен износ од 1.780.000 денари; предвидените средства за патни и дневни трошоци во вкупен износ од 370.000 денари, планираните средства за материјали и ситен инвентар во вкупен износ од 100.000 денари, расходите за репрезентација во износ од 500.000 денари, расходите за семинари и конференции во износ од 800.000 денари, други оперативни расходи во износ од 2.000.000 денари, трансфери до здруженија на граѓани и фондации во износ од 200.000 денари, трансфери до пензионери (за вработените во основните училишта и детските градинки) и други трансфери во вкупен износ од 850.000 денари. Во оваа програма предвидени се и средства за еднократна парична помош во износ од 500.000 денари.

3. За финансирање на Програмата на **Општинската администрација** се предвидуваат средства во висина од вкупно **133.386.522 денари**. Истите се распределени во две потпрограми, и тоа Е0-Општинска администрација и ЕА-Капитални трошоци на Општината:

- Во потпрограмата **Општинска администрација** предвидени се средства во висина од вкупно **125.436.522** денари. Истите се наменети за финансирање на:

- Планираните расходи за плати, надоместоци, персонален данок и за придонеси од плати на вработените во општинската администрација и на другите вработени кои немаат статус на административни службеници се во вкупен износ од 54.050.000 денари. Исплатата на овие средства ќе се врши согласно Законот за административни службеници, Законот за исплата на плати и надоместоци, Законот за работни односи и согласно колективните договори,
- Планираните средства за патни и дневни трошоци се планирани во висина од 710.000 денари;
- Планираните средства за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт (водовод и канализација, ѓубретарина, други комунални такси, парно греење, за електрична енергија, за течни горива, за пошта и за телефони и др.) се во вкупен износ од 13.160.000 денари,
- Планираните средства за материјали и ситен инвентар се во вкупен износ од 2.510.000 денари,
- Планираните средства за поправки и тековно одржување се во вкупен износ од 3.310.000 денари кои се наменети за поправки и одржување на возилата, и за поправки и одржување на компјутерската и другата опрема, како и за одржување на згради и на зелените површини на територијата на општината.
- Планираните трошоци за договорни услуги се во вкупен износ од 11.880.000 денари, кои се наменети за изнајмување на простории, банкарски провизии, осигурување на недвижности и права и осигурување на возила, плаќање на судски такси, систематски

прегледи и на консултантски и други услуги.

- Расходите кои не можат однапред да се предвидат како што се членарините во домашни организации, објавување на огласи, репрезентација, семинари и конференции и други оперативни расходи се планирани на позицијата други тековни расходи во висина од вкупно 3.150.000 денари,
- За привремени вработувања за 2020 година се планираат средства во износ од 15.000.000 денари.
- За плаќање на камати, каде што се вклучени и камтите за кредитот земен како подзаем преку Министерството за финансии од Светската банка за изградба на ОУ ,,Григор Прличев,, н. Железара се планираат средства во износ од 150.000 денари.
- Расходите за трансфери до невладини организации (здруженија на граѓани и фондации) се предвидени средства во износ од 3.073.914 денари. Овие средства ќе служат за финансирање на активностите на невладините организации и здруженија на граѓани.
- За исплата на разни трансфери се планирани средства во вкупен износ од 4.442.608 денари кои се наменети за исплати на стипендии на талентирани ученици и студенти, за плаќања по судски решенија, за трансфери за пензионери и за други трансфери.
- Социјалните надоместоци и еднократни парична помош на вработените се планирани средства во износ од 100.000 денари.
- За отплата на главница за кредитот за изградба на ОУ Григор Прличев, се планираат средства во износ од 13.800.000 денари.

- Во потпрограмата **Капитални трошоци на Општината** за 2020 година се предвидуваат средства во висина од **7.950.000** денари и истите во најголем дел се наменети за набавка на информатичка и видео опрема, за компјутерски софтвер, за набавка на мебел и друга опрема и за реконструкција на административни објекти.

4. За реализацијата на Програмата **Ф - Урбанистичко планирање и уредување на градежното земјиште (Капитални трошоци)** за 2020 година се планирани средства во вкупен износ од **197.714.678** денари и истата ќе се реализира преку четири потпрограми и тоа:

- За финансирање на потпрограмата **Ф1 - Урбанистичко планирање** предвидени се средства во вкупен износ од 16.100.000 денари,
- За финансирање на потпрограмите **Ф2 - Урбанизирање на градежно земјиште** предвидени се средства во вкупен износ од 750.000 денари,
- Највисоко учество во оваа програма имаат расходите за финансирање на потпрограмата **ФА-Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** која е планирана во вкупен износ од **180.864.678 денари.** Во рамки на потпрограмата **ФА** предвидени се расходите за реализација на годишната програма **ФА0-Уредување на градежно земјиште** во вкупен износ од **145.864.678** денари и исто така планирани се расходи за реализација на следните развојни програми во 2020 година и тоа:
  - ***ФАО -*** *Изградба на улици и патишта за Н. Хиподром 2* во износ од **25.000.000** денари.
  - ***ФАБ -*** *Изградба на паркинг места во Н. Автокоманда* во износ од **7.500.000** денари.

- ***ФАД** - Изградба на паркинг капацитети кај плоштадот во Н.Автокоманда* во износ од **2.500.000** денари.

5. Во програмата **Ј - Комунални дејности** во Буџетот на општината за 2020 година се предвидени средства во вкупен износ од **173.584.000** денари, кои се наменети за финансирање на следните потпрограми и тоа:

- За финансирање на потпрограмата **Ј3 - Улично осветлување** се предвидени вкупно средства во износ од **36.900.000 денари**. Реализацијата на средствата за одржување на уличното осветлување ќе се врши преку Програмата за улично осветлување, во која се дава планираниот потрошок на електрична енергија во износ од 24.100.000 денари како и планираните расходи за тековното одржување на уличното осветлување и други оперативни расходи во вкупен износ од 12.800.000 денари.
- За финансирање на подпрограмата за **Ј4 - Јавна чистота** предвидени се средства во износ од **22.100.000 денари**, кои се предвидени за чистење и одржување на хигиената на територијата на Општина Гази Баба.
- За потпрограмата **Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот** која е наменета за ревитализација и зимско одржување на патиштата и улиците за 2020 година, се предвидуваат вкупно средства во висина од **3.800.000** денари.
- За потпрограмата **Ј7 - Одржување и користење на зеленило**, се предвидуваат вкупно средства во висина од **700.000** денари.
- За финансирање на подпрограмата за **Ј8 - Други комунални услуги** предвидени се средства во износ од **48.184.000 денари** кои се наменети за субвенционирање на активностите на општинското јавното комунално претпријатие Гази Баба-2007 во делот на исплатите на ангажираните работници за јавни работи на чистење и уредување на јавните и зелените површини на територијата на општината, за субвенционирање на одржувањето на локалната водоводна мрежа како и за набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП Гази Баба-2007.
- За потпрограма **ЈА - Изградба на јавно осветлување** се предвидени **18.000.000** денари.
- За потпрограмата **ЈН - Урбана опрема (капитални расходи)** во 2020 година предвидени се средства од **1.300.000** денари за набавката на услуги за мобилнтеи тоалети и на друга урбана опрема која ке се реализираат од страна на ЈКП Гази Баба-2007, преку усвоените програми за планираните активности на ЈКП Гази Баба-2007 во 2020 година.
- За потпрограмата **ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** се предвидени средства во висина од **5.800.000,00 денари** и се наменети за асфалтирање на нови улици и реконструкција на постојните патишта и улици.
- За финансирање на потпрограмата **ЈИ - Изградба на системи за пречистување и одводнување на отпадни води** се планирани средства во износ од **36.800.000** денари за реализација на четири развојни програма во 2020 година и тоа:
  - ***ЈИА** - Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за Н.М. Трубарево – Идризово* во износ од ***10.000.000*** денари.
  - ***ЈИБ** - Изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смиљковци, Цршево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци* во износ од **21.800.000** денари.

- **ЈИО** - *Изградба на системи за одводнување на атмосферски води за Н.Трианела* во износ од ***5.000.000*** денари.
- **ЈИЦ** - *Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери* во износ од **52.000.000** денари. Овие средства се предвидени да се обезбедат со заем од Светска банка и се содржани во делот од Буџетот за расходи од кредити.

6. За реализацијата на Програмата **Г - Поддршка на локалниот економски развој** се планирани средства во вкупен износ од **10.570.000 денари** кој се наменета за реализација на планираните активности со Програмата за локален економски развој за 2020 година, од кои 3.200.000 денари за потпрограмата Г1 - Поддршка на локалниот економски развој, а во рамките на оваа програма е вклучена и развојната програма :
   - ***ГА0 –*** *Изградба на комерцијални објекти* во износ од ***6.370.000*** денари,
   - ***ГДЕ –*** *Проекти за енергетска ефикасност* во износ од ***1.000.000*** денари.

7. За реализацијата на Програмата **К - Културни манифестации** и **творештво** за 2020 година се планирани средства во вкупен износ од **6.410.000 денари** и истата ќе се реализира преку потпрограмата К4 - Културни манифестации и творештво каде се планирани расходи во вкупен износ од 6.210.000 денари и потпрограмата КА - Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) со планирани расходи за изградба на спомен обележја во вкупен износ од 200.000 денари.

8. Во Програмата **Л - Спорт и рекреација** се планирани средства во износ од **6.884.800 денари** наменети за реализација на спортски манифестации и активности планирани согласно годишните Програми за спорт и рекреација за 2020 година и Програмата за училишен спорт за 2020 година.

9. Во Програмата **П1 - Заштита на животната средина и природа** се планирани средства во износ од **3.500.000,00** денари наменети за реализација на проекти и активности од областа на заштита на животната средина утврдени во Потпрограмата за заштита на животната средина.

10. Во Програмата **ЉО - Заштита и спасување**, каде се планирани средства износ од **1.460.000 денари**, наменети за реализација на активности за заштита и спасување утврдени со Програмата за заштита и спасување за 2020 година во износ од вкупно 1.060.000 денари и Програмата за капитални трошоци за заштита и спасување во износ од 400.000 денари.

11. Во Програмата **Џ** – Родова еднаквост, планирани се средства во износ од 760.000 денари.

12. Во Програмата **В - Социјална заштита и заштита на деца** планирани се средства во износ од **21.650.000** денари во чии рамки спаѓаат планираните расходи во потпрограмата В1- Социјална заштита со која се предвидени средства за давање помош во дрва за социјално загрозените лица, новогодишни пакети, трансфери до Општинската организација на

црвениот крст и еднократната парична помош на корисници кои имаат потреба од евентуална помош по основ на непогода, болест и други потреби согласно критериумите утврдени во правилникот со вкупен износ од 6.650.000 денари и Потпрограмата ВА-Капиталните расходи кои се планирани во износ од 15.000.000 денари и се однесуваат на развојната програма:

- ***ВА*** *– Социјална заштита и заштита на деца ( капитални расходи) во износ од* ***15.000.000,00*** *денари, наменети за изградба на нова детска градинка во н.м. Стајковци.*

13. Вкупните средства за финансирање на образованието **Потпрограмата Н1 – Основни училишта** изнесуваат **367.963.000** денари и се финансираат од блок дотациите од Министерството за образование. Планираната распределбата на средствата по одделни училишта (за плати и материјални трошоци) ќе се изврши согласно Методологијата за распределба на блок дотациите на основните училишта во Општина Гази Баба.

14. Средствата за финансирање на социјалната заштита **Потпрограмата В1 - Детски градинки** се планираат да изнесуваат вкупно **124.517.000** денари, од блок дотациите кои се планираат да ги обезбеди Министерството за труд и социјална политика на РМ. Вкупните средства (за плати и за материјални трошоци) се планира да се распределуваат на двете градинки по одделни видови на трошоци согласно Методологијата за распределба на блок дотациите на детските градинки во Општина Гази Баба.

15. Планираните средства за расходи кои треба да се финансирани од **самофинансирачките активности** на детските градинки и на основните училишта (сопствени приходи) се предвидува да изнесуваат вкупно **45.000.000** денари.

16. Планираните расходи кои треба да се финансирани од **донации** изнесуваат **63.000.000** денари.

17. Расходите од **кредити** го опфаќаат финансирањето на потпрограмата ЈИЦ за изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери со користење на подзаем од Министерството за финансии, кредитиран од Светската банка. Средствата планирани за оваа намена за 2020 година се во вкупен износ од **52.000.000,00** денари и се прикажано како финансирање на дефицит.

Имајќи ги во предвид реалните можности во остварувањето на сопствените приходи на општината, како и износите на трансферите и блок дотациите од министерствата, може да се констатира дека утврдувањето на планираните приходи и расходи во 2020 година е базирано на реалните можности на остварувањето на приходите и реализирањето на расходите на Општината.

Изготвил

Сектор за финансиски прашања

**Член 4**

Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-218/30**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

## III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД 2020- 2022 ГОДИНА

FAB Уредување на градежно земјиШте (капитални расходи) во н.м Автокоманда

ЦЕЛ Да се зголеми капацитетот на паркинг места во населба Автокоманда преку изградба на монтажен паркинг до крајот на 2021 година.

| Категорија | | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **7.500.000** | **7.500.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 7.500.000 | 7.500.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **7.500.000** | **7.500.000** | **0** |

FAD Изградба на други објекти(капитални расходи) во н.м Автокоманда монтажен паркинг

ЦЕЛ Да се зголеми капацитетот на паркинг места во населба Автокоманда, преку изградба на монтажен паркинг кај плоштадот до крајот на 2021 год.; Да се создадат предуслови за нормално одвивање на сообраќајот; Подобрување на квалитетот на живот на жителите на населба Автокоманда;

| Категорија | | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **2.500.000** | **12.500.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 2.500.000 | 12.500.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **2.500.000** | **12.500.000** | **0** |

FAD Уредување на градеШно земјиШте (капитални расходи) во н.м. Хиподром2

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на новите жителите на новата урбана населба Хиподром, преку изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура која е во надлежност на општината до крајот на 2019 год.; Да се создадат комунални и сообраќајни предуслови за развој на новата резидентна населба Хиподром II; Заштита на животната средина и здравјето на новите жители на Хиподром II; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура;

| Категорија | | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **20.000.000** | **20.000.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 20.000.000 | 20.000.000 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **20.000.000** | **20.000.000** | **0** |

| GDE | Изградба на топловодни инсталации во н.м. Триангла и н.м. Хиподром |
|---|---|
| ЦЕЛ | Да се подобри квалитетот на живот на преку 1050 домаќинства во н.м. Триангла и н.м. Хиподром, преку кофинасирање на изградба на топловодни инсталации, во соработка со ЕЛЕМ Енергетика и град Скопје до крајот на 2018 год.; Да се зголеми енергетската ефикасност и да се намалат трошоците за парно греење на жителите на Триангла и Хиподром со изградбата на топловодните системи; Заштита на животната средина и здравјето на жители на Триангла и Хиподром преку намалување на загадувањето на амбиеталниот воздух ; Да се создадат претпоставки за развој на локална green економија преку изградба на топоводните системи кои функционираат на погон на природен гас ; |

| Категорија | Извор на финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **1.000.000** | **3.000.000** | **0** |
| | БУЏЕТ | 1.000.000 | 3.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **1.000.000** | **3.000.000** | **0** |

| JIA | Изградба на систем за одводнување и пречистување на отпадни води за н.м.Трубарев |
|---|---|
| ЦЕЛ | Да се подобри квалитетот на живот на жителите од руралните населени места во појасот од Трубарево до Идризово, преку изградба на примарна фекална мрежа до крајот на 2020 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од наведените рурални населени места; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната инфраструктура; Да се потикне руралниот развој во сета негова широчина.B35 |

| Категорија | Извор на финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **10.000.000** | **18.000.000** | **0** |
| | БУЏЕТ | 10.000.000 | 18.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |

| | | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 10.000.000 | 18.000.000 | 0 |

JIB Изградба на примарна фекална канализација во н.м Смиљковци, Црешево, Виниче

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на примарна фекална канализација до крајот на 2020 год.; Да се создадат комунални предуслови за динамичен рурален развој на населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на примарната фекална мрежа;

| Категорија | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 10.000.000 | 11.000.000 | 0 |
| | БУЏЕТ | 10.000.000 | 11.000.000 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 10.000.000 | 11.000.000 | 0 |

JIC Изградба на систем за одводнување и пречистување на отпадни води за н.м Јурумлери

ЦЕЛ Да се подобри квалитетот на живот на жителите од руралното населено место Јурумлери, преку изградба на пречистителна станица со мониторинг и команден пулт, вакум пумпи и примарна фекална мрежа во должина од 4км, до крајот на 2019 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од населеното место Јурумлери; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната инфраструктура; Да се поттикне руралниот развој во сета негова широчина.

| Категорија | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 52.000.000 | 20.000.000 | 0 |
| | БУЏЕТ | 0 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 52.000.000 | 20.000.000 | 0 |

| | | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **52.000.000** | **20.000.000** | **0** |

| JID | Изградба на системи за одводнување на атмосферски води за н.м.Триангла |
|---|---|
| ЦЕЛ | Да се подобри квалитетот на живот на жителите од урбаното населено место Триангла, преку изградба на атмосферскиот колектор до крајот на 2020 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од населеното место; |

| Категорија | | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **5.000.000** | **5.000.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **5.000.000** | **5.000.000** | **0** |

| LAO | Изградба на спортски центар Црешево-Стајковци |
|---|---|
| ЦЕЛ | Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места расослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на спортскиот центар до крајот на 2019 год.; Да се создадат инфраструктурни спортски предуслови за развој на спортот во населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на спортскиот центар Црешево - Стајковци; |

| Категорија | | Изворна финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **15.000.000** | **15.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 0 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **0** | **15.000.000** | **15.000.000** |

| VAO | Изградба на нова детска градинка во н.м Стајковци |
|---|---|
| ЦЕЛ | Да се изгради нова детска градинка со капацитет за 60 деца во н.м. Стајковци до крајот на 2019 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст од сите населените места кои гравитираат во регионот на планината Скопска Црна Гора; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка; |

| | Категорија | Извор на финансирање | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **15.000.000** | **20.000.000** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 15.000.000 | 20.000.000 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **15.000.000** | **20.000.000** | **0** |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2021

**Ниво на: Ставка**

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 577.720.000 | 45.450.000 | 497.404.800 | 63.630.000 | 52.520.000 | 1.236.724.800 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **281.022.400** | **0** | **0** | **0** | **0** | **281.022.400** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 18.139.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.139.600 |
| 713 | Даноци на имот | 87.062.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 87.062.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 175.618.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 175.618.800 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 202.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 202.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **4.595.500** | **45.450.000** | **0** | **0** | **0** | **50.045.500** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 10.100 | 0 | 0 | 0 | 10.100 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.020.000 | 30.300 | 0 | 0 | 0 | 2.050.300 |
| 723 | Такси и надоместоци | 50.500 | 45.106.600 | 0 | 0 | 0 | 45.157.100 |
| 725 | Други неданочни приходи | 2.525.000 | 303.000 | 0 | 0 | 0 | 2.828.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **46.874.100** | **0** | **0** | **0** | **0** | **46.874.100** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 46.874.100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.874.100 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **245.228.000** | **0** | **497.404.800** | **63.630.000** | **0** | **806.262.800** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 245.228.000 | 0 | 497.404.800 | 1.515.000 | 0 | 744.147.800 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 56.560.000 | 0 | 56.560.000 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 2.525.000 | 0 | 2.525.000 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 3.030.000 | 0 | 3.030.000 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **52.520.000** | **52.520.000** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.520.000 | 52.520.000 |

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2021

**Ниво на: Ставка**

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 577.720.000 | 45.450.000 | 497.404.800 | 63.630.000 | 52.520.000 | 1.236.724.800 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **63.660.300** | **0** | **341.178.000** | **0** | **0** | **404.838.300** |
| 401 | Основни плати | 39.592.000 | 0 | 248.763.000 | 0 | 0 | 288.355.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 15.665.100 | 0 | 92.415.000 | 0 | 0 | 108.080.100 |
| 404 | Надоместоци | 8.403.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.403.200 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.212.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.212.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 404.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 404.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 808.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 808.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **147.894.300** | **40.905.000** | **125.785.400** | **18.638.540** | **0** | **333.223.240** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.373.600 | 303.000 | 0 | 7.928.500 | 0 | 9.605.100 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 37.935.600 | 5.807.500 | 44.968.230 | 108.070 | 0 | 88.819.400 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 4.979.300 | 23.735.000 | 12.238.170 | 1.910.920 | 0 | 42.863.390 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 42.278.600 | 5.454.000 | 56.863.000 | 1.363.500 | 0 | 105.959.100 |
| 425 | Договорни услуги | 31.936.200 | 3.000.000 | 11.716.000 | 4.246.040 | 0 | 50.898.240 |
| 426 | Други тековни расходи | 10.201.000 | 2.575.500 | 0 | 3.081.510 | 0 | 15.858.010 |
| 427 | Привремени вработувања | 19.190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.190.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **151.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **151.500** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 151.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 151.500 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **51.313.376** | **0** | **0** | **8.716.300** | **0** | **60.029.676** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 26.849.840 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.849.840 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 13.260.002 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.260.002 |
| 464 | Разни трансфери | 11.203.534 | 0 | 0 | 8.716.300 | 0 | 19.919.834 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.616.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.616.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 1.616.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.616.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **297.934.524** | **4.545.000** | **30.441.400** | **36.275.160** | **52.520.000** | **421.716.084** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.484.500 | 1.616.000 | 3.636.000 | 0 | 0 | 8.736.500 |
| 481 | Градежни објекти | 1.010.000 | 808.000 | 12.120.000 | 0 | 0 | 13.938.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 254.454.024 | 1.111.000 | 12.665.400 | 36.275.160 | 52.520.000 | 357.025.584 |
| 483 | Купување на мебел | 303.000 | 909.000 | 2.020.000 | 0 | 0 | 3.232.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 11.312.000 | 101.000 | 0 | 0 | 0 | 11.413.000 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 27.371.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.371.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **13.938.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.938.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 13.938.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.938.000 |

1

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2022

**Ниво на: Ставка**

| Категорија Ставка | ОПИС | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **583.440.000** | **45.900.000** | **502.329.600** | **64.260.000** | **53.040.000** | **1.248.969.600** |
| | | БУЏЕТ | | | | | |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **283.804.800** | **0** | **0** | **0** | **0** | **283.804.800** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 18.319.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.319.200 |
| 713 | Даноци на имот | 87.924.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 87.924.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 177.357.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 177.357.600 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 204.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 204.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **4.641.000** | **45.900.000** | **0** | **0** | **0** | **50.541.000** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 10.200 | 0 | 0 | 0 | 10.200 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.040.000 | 30.600 | 0 | 0 | 0 | 2.070.600 |
| 723 | Такси и надоместоци | 51.000 | 45.553.200 | 0 | 0 | 0 | 45.604.200 |
| 725 | Други неданочни приходи | 2.550.000 | 306.000 | 0 | 0 | 0 | 2.856.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **47.338.200** | **0** | **0** | **0** | **0** | **47.338.200** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 47.338.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 47.338.200 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **247.656.000** | **0** | **502.329.600** | **64.260.000** | **0** | **814.245.600** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 247.656.000 | 0 | 502.329.600 | 1.530.000 | 0 | 751.515.600 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 57.120.000 | 0 | 57.120.000 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 2.550.000 | 0 | 2.550.000 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 3.060.000 | 0 | 3.060.000 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **53.040.000** | **53.040.000** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 53.040.000 | 53.040.000 |

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2022

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 583.440.000 | 45.900.000 | 502.329.600 | 64.260.000 | 53.040.000 | 1.248.969.600 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **64.290.600** | **0** | **344.556.000** | **0** | **0** | **408.846.600** |
| 401 | Основни плати | 39.984.000 | 0 | 251.226.000 | 0 | 0 | 291.210.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 15.820.200 | 0 | 93.330.000 | 0 | 0 | 109.150.200 |
| 404 | Надоместоци | 8.486.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.486.400 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.224.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.224.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 408.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 408.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 816.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 816.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **149.358.600** | **41.310.000** | **127.030.800** | **18.823.080** | **0** | **336.522.480** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.387.200 | 306.000 | 0 | 8.007.000 | 0 | 9.700.200 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 38.311.200 | 5.865.000 | 45.413.460 | 109.140 | 0 | 89.698.800 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 5.028.600 | 23.970.000 | 12.359.340 | 1.929.840 | 0 | 43.287.780 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 42.697.200 | 5.508.000 | 57.426.000 | 1.377.000 | 0 | 107.008.200 |
| 425 | Договорни услуги | 32.252.400 | 3.060.000 | 11.832.000 | 4.288.080 | 0 | 51.432.480 |
| 426 | Други тековни расходи | 10.302.000 | 2.601.000 | 0 | 3.112.020 | 0 | 16.015.020 |
| 427 | Привремени вработувања | 19.380.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.380.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **153.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **153.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 153.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 153.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **51.821.428** | **0** | **0** | **8.802.600** | **0** | **60.624.028** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 27.115.680 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.115.680 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 13.391.288 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.391.288 |
| 464 | Разни трансфери | 11.314.460 | 0 | 0 | 8.802.600 | 0 | 20.117.060 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **1.632.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.632.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 1.632.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.632.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **300.884.372** | **4.590.000** | **30.742.800** | **36.634.320** | **53.040.000** | **425.891.492** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.519.000 | 1.632.000 | 3.672.000 | 0 | 0 | 8.823.000 |
| 481 | Градежни објекти | 1.020.000 | 816.000 | 12.240.000 | 0 | 0 | 14.076.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 256.973.372 | 1.122.000 | 12.790.800 | 36.634.320 | 53.040.000 | 360.560.492 |
| 483 | Купување на мебел | 306.000 | 918.000 | 2.040.000 | 0 | 0 | 3.264.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 11.424.000 | 102.000 | 0 | 0 | 0 | 11.526.000 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 27.642.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.642.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **14.076.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **14.076.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 14.076.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.076.000 |

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 1 ЈАНУАРИ - 31 МАРТ 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/29**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 28.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 1 ЈАНУАРИ - 31 МАРТ 2020 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.19/19).

### Член 2

Одлуката да се достави до Министерство за финансии.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-218/31**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/30**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА

### Член 1

Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година (во понатамошниот текст: Буџет), се извршува според одредбите на оваа одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на дотации (Блок дотации), Буџет на донации, Буџет на заеми и Буџет на самофинансирачки активности.

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично согласно нивните субпотпрограми утврдени во согласност со програмите и потпрограмите.

### Член 4

Приходите што се утврдени со Буџетот не се фиксно определени. Промени во буџетот можат да се вршат во рамките на вкупно утврдениот износ на приходи.

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во соодветен износ.

### Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџет на општината. Градоначалникот на Општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планираното може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

### Член 6

Пренамената на средствата во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници им ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограмите, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на дотации (Блок дотации), буџетот на донации и буџетот на самофинансирачки активности планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот, изготвуваат годишен финансиски план по квартали, за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци. Градоначалникот до Министерството за финансии доставува квартален извештај за извршување на буџетот (Образец К1), квартален извештај за достасани ненамирени обврски (Образец К2) и квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување (Образец К3) во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

**Член 9**

Исплатата на платите и на надоместоците на вработените од општината и од локалните јавни установи ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, законите и колективните договори,

- вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници, која ја донесува советот на општината;
- за вработените што немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 15,50 денари.

На вработените во општината им следува исплата на надомест за годишен одмор, во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на РМ, објавена до денот на исплатата, кој се исплатува еднаш во годината.

Исплатата на платите кај јавните локални установи се утврдува согласно колективните договори и утврдената вредност на платите на ниво на Министерствата кои вршат соодветно финансирање на платите на вработените.

Исплатата на плати од локалните установи кои се финансираат од блок дотациите ја контролира и одобрува Министерството за финансии на РМ.

Буџетските корисници се должни најдоцна до 25-ти во месецот до општината да достават барање за одобрување на средствата за плати при што треба да приложат во два примероци.

- Образец ПДП-МП И МП-1;
- Образец ИР (Интерна рекапитулација)
- Образец Ф1 (истиот снимен и на еден од медиумите ЦД, е-маил, во ексел формат) за месецот за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, локалните јавни установи што се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни да достават известување до Општина Гази Баба за обезбедени финансиски средства, согласност од надлежното министерство и министерството за финансии, и да приложат Образец М-1, и одобрение од Градоначалникот на Општина Гази Баба за новото вработување.

**Член 10**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба, им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот, се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на советот за раководењето и организирањето на работата на советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 11**

За избраните и именуваните лица во општината, односно Градоначалникот на Општина Гази Баба, појдовната основа за одредување на коефициент за утврдување на плата е определен според бројот на жители во општината помножен со основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и други избрани и именувани лица во Република Македонија, и тој коефициент изнесува 3,4 со оглед на тоа дека Општина Гази Баба има над 50.000 жители.

**Член 12**

Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените пресметки за исплата на плати и надоместоци.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината, збирната пресметка и поединечните пресметки, Градоначалникот ги доставува до ресорното министерство преку кое се трансферираат блок дотациите.

Ресорните министерства, доставените пресметки за исплатата на платите и надоместоците ги доставуваат до министерството за финансии, за контрола и евиденција.

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката нема да се исплаќа додека дневница за службено патување надвор од Републиката ќе се исплаќа во износ од:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци или во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот во општината и во локалните јавни установи, може да се исплати помош до висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош, во висина од две последни просечно исплатени плати, во органот каде што е вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

**Член 16**

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош до висина на една последна исплатена просечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира, вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство, да се со место на живеење на иста адреса, што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош) или друг соодветен документ.

**Член 17**

Надоместоците кои се утврдени во членовите 15 и 16 се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година .

За сите исплати важи правилото: Исплатите се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и во локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став (1) алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите од средствата на тековните резерви на општината.

Надоместокот за отпремнина изнесува двократен износ од платата исплатена во РМ, за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

**Член 19**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници, се набавуваат со веродостојни документи во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди (во готово) во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи (во готово плаќање) до 6.000,00 денари и задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите ( за тековни и постојана резерва) одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот и за тековната резерва (непредвидливи расходи) одлучува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечен случај при што во износот не влегува персоналниот данок на доход.

За користењето на средствата од постојаната резерва за надомест на штета од природни непогоди, епидемии и други несреќи, во смисол на член 34 од Законот за заштита и спасување, одлучува Советот на Општина Гази Баба.

Заедно со завршната сметка за претходната година, Градоначалникот на општината поднесува до Советот на општината, извештај за користењето на средствата на буџетската резерва.

**Член 21**

Во општината може да се вработуваат нови работници и да се пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од министерство за информатичко општество и администрација и согласно актот за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на терет на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Корисниците на буџетските средства доставуваат: месечни и тримесечни извештаи за трошењето на средствата, набавките на капитални средства и месечни и тримесечни извештаи за обврските постари од 30 дена до Градоначалникот.

**Член 24**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Потписник на сметката на Буџетот на општината е Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Буџетот на Општина Гази Баба се извршува до 31.12.2020 година.

**Член 27**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-218/32**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА

1. Се објавува Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/31**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува користење и распределба на средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите и тоа:

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва, но најмногу до 50.000,00 денари во поединечни случаи одлучува и ги извршува Градоначалникот, при што во износот не влегува персоналниот данок на доход,

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва над 50.000,00 денари во поединечни случаи, одлучува Советот на Општината Гази Баба, а ги извршува Градоначалникот.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи, се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожар, земјотрес, суша, град и слично) помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 на оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-218/33**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/32**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.19/19).

**Член 2**

Одлуката да се достави до секторот за финансиски прашања.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-218/34**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/33**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19), а во врска со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, бр.45-10997/1 од 28.12.2019 година (Службен весник на РСМ" бр.276/19), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општинската администрација на Општина Гази Баба за 2020 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2020 година.

**Број 09-218/35**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКАТА ДО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА - РАБОТА ИЗЛОЖЕНА НА ВИСОК РИЗИК, КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Препораката до Градоначалник на Општина Гази Баба за определување на додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/34**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 50 став (1) точка 14 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 86 став (1) алинеја 2, член 89 став (1) алинеја 1 и член 90 од Законот за административни службеници (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19), член 151 став (2) и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

**П Р Е П О Р А К А**

**ДО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА ПОСЕБНИ
УСЛОВИ ЗА РАБОТА - РАБОТА ИЗЛОЖЕНА НА ВИСОК РИЗИК,
КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА
АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - КОМУНАЛНИ РЕДАРИ
ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ
- ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Советот на Општина Гази Баба упатува препорака до Градоначалникот на Општина Гази Баба за определување на додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, **во висина од 30%** од износот на основната плата, во согласност со закон.

2. Советот на Општина Гази Баба го поттикнува Градоначалникот на Општина Гази Баба по претходна анализа да ја прифати оваа препорака и започнувајќи од 01.02.2020 година во согласност со член 86 став (1) алинеја 2, член 89 став (1) алинеја 1 и член 90 од Законот за административните службеници (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.143/19), со решение да определи додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, во висина од 30% од износот на основната плата, во согласност со закон.

3. Додатокот на платата на комуналните редари согласно точка 1 од оваа препорака етапно да се зголемува, на следниов начин:

1) 10% од 1 февруари 2020 година;
2) 10% од 1 јануари 2021 година и
3) 10% од 1 јануари 2022 година.

4. Препораката да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

5. Препораката ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-218/36
од 24.01.2020 година
Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03,БЛОК 03.05, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-375/35**
**од 28.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02)и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и петтата седница одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03,БЛОК 03.05, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба -Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата,содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **6,69 ха** кој е во рамките на следните граници:

Границите на планскиот опфатсе следните:

- **на Северозапад:** се движи должосовина на магистралната улица- бул. ''15-ти Корпус''С.40 - С.70, како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2022'';
- **на Североисток:** седвижи по осовината насобирната улица ''Благоја Стефковски''С.70-Д.40, како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2022;
- **на Југоисток:** се движи поосовина на сервисната улица ''С5''како што е планирана со УПС СИ 03 Скопје 2014-2022 и
- **на Југозапад:** се движи по одовината на сервисната улица ''С4'' како што е планирана со УПС СИ 03 Скопје 2014-2022.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки,означени со редни броеви од 1 до 10 и кои се дадени табеларно со Џ и Ѕ координати:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Точка бр. **1** | S=7540555,7390 | Џ=4650914,8295 | (Најсеверна) |
| Точка бр. **2** | S=7540901,4476 | Џ=4650750,8916 | (Најисточна) |
| Точка бр. **3** | S=7540871,4049 | Џ=4650687,5907 | |
| Лак **01** | | | |
| | - Испапчување: | -0,0043 | |
| | - Центар: | S=7540195,2484 | Џ=4651012,0825 |
| | - Радиус: | 749,9883 | |
| | - Почетен агол: | 334° 21' 48" | |
| | - Краен агол: | 333° 22' 24" | |
| Точка бр. **4** | S=7540865,6975 | Џ=4650675,9568 | |
| Точка бр. **5** | S=7540835,8690 | Џ=4650617,0956 | (Најјужна) |
| Точка бр. **6** | S=7540734,2802 | Џ=4650667,4437 | |
| Точка бр. **7** | S=7540637,4292 | Џ=4650715,4437 | |
| Точка бр. **8** | S=7540535,8405 | Џ=4650765,7918 | |
| Точка бр. **9** | S=7540444,4552 | Џ=4650811,0830 | |
| Точка бр. **10** | S=7540353,0582 | Џ=4650856,3800 | (Најзападна) |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба -Скопје, со тех.бр.0801/198/18 од декември 2019 година, изработен од Друштво за трговија и услуги "БИЛД УРБАН" ДООЕЛСкопје, содржи:

**СОДРЖИНА**

**3. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**3.1.Текстуален дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ..............................................2**
3.1.1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина ........................................................................ 3
3.1.2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат ........ 4
3.1.3. Природни чинители на опфатот ..................................................................5
3.1.3.1.Микроклима ..............................................................................................5
3.1.3.2. Релјефни карактеристики ...........................................................................5
3.1.3.3. Хидрографија ........................................................................................ .5
3.1.3.4. Сеизмика на просторот ..............................................................................6
3.1.3.5. Вегетациски карактеристики и пејзаж .........................................................6
3.1.4. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат .................. 6
3.1.5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура ............................................... 7
3.1.6. Билансни показатели .................................................................................11
3.1.7. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно – историско значење и културни предели ................................................................. 11
3.1.8. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура .......................... 11
3.1.8.1. Сообраќај ...................................................................................................11
Паркирање ........................................................................................................ ...11
3.1.8.2. Комунална инфраструктура ......................................................................11
Водовод ...............................................................................................................12
Евакуација на отпадните води ............................................................................ 12
Фекална канализација .............................................................................................12
Атмосферска канализација ................................................................................. 12
Електро-енергетска инфраструктура ..................................................................... 12
Трансформаторска станица ................................................................................ 12
Телекомуникациска инфраструктура ...................................................................... 12

Улично осветление ........................................................................................ 12
Топлификациска инфраструктура ..................................................................... 13
3.1.9. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план ........... 13
3.1.10. Анализа и можности за просторен развој ................................................. 13
3.1.11. Извод од план од повисоко ниво ............................................................. 14
3.1.12. Нумерички показатели ........................................................................... 16

3.2. Графички дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 М = 1:10000 ...................................... 17
2. Извод од УПЧ СИ 03 Скопје 2014 – 2022 (за Блок СИ 03.05) М = 1:5000 ............ 17
2а. Изводи од соседни Регулациони планови М = 1:5000 ...................................... 17
3. Извод од постоен ДУП локалитет Маџари, Опфат - 1, Општина Гази Баба,
Плански период 2008-2013 М = 1:1000 ......... 17
3а. Изводи од соседни ДУП-ови М = 1:5000 ......................................................... 17
3б. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени урбанистички
планови и планови кои граничат со планскиот опфат на урбанистичкиот план М = 1:5000…17
4. Ситуација со пошироко опкружување М = 1:25000 ............................................. 17
5. Сателитска снимка М = 1:1000 ......................................................................... 17
6. Ажурирана геодетска подлога М = 1:1000 .......................................................... 17
7. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура,
на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат М = 1:1000 ............ 17
8. Инвентаризација и снимка на изградената комунална инфраструктура М = 1:1000 ....... 17

4. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1.Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ................................................ 19
Цели ...................................................................................................................19
Методологија .......................................................................................................19
4.1.2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат ........................ 20
4.1.3 . Определби од ГУП и УПЧ применети во овој детален урбанистички план .... 22
4.1.4. Планска програма ......................................................................................... 24
4.1.5. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој ................ 24
Демографски податоци ......................................................................................... 26
4.1.6. Сообраќајна и комунална инфраструктура ................................................... 28
4.1.6.1. Сообраќаен план ......................................................................................... 28
Нивелациски план ..................................................................................................32
4.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура ............................................................... 32
Водоснабдување ..................................................................................................... 33
Потребно количество на вода ..................................................................................33
Фекална канализација ...............................................................................................3
Количини на отпадни и фекални води .....................................................................34
Атмосферска канализација ........................................................................................34
Количини на атмосферски води ...............................................................................34
4.1.6.3. Електро-енергетика и телекомуникациски инсталации .................................. 35
Улично осветлување .................................................................................................36
Телекомуникациска мрежа ........................................................................................36
4.1.6.4. Гасоводна инфраструктура.........................................................................36
4.1.6.5. Далечинско затоплување ..........................................................................37
4.1.7. Економско образложение ..............................................................................37
4.1.8. Општи услови за изградба ............................................................................38
4.1.9. Посебни услови за изградба ..........................................................................43

Посебни услови за градба од доменот на сообраќајната инфраструктура............... 61
Посебни услови за градба од доменот на комуналната инфраструктура.................. 61
4.1.10. Нумерички показатели ..........................................................................62
4.1.11. Билансни показатели ...........................................................................63
Споредбени билансни показатели ..........................................................................63
Споредбени посебни одредби – нумерички показатели на УПЧ СИ 03.05 Скопје 2014 – 2022 и ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок СИ 03.05, Општина Гази Баба, Скопје .... 64
Дозволени класи на намени и групи на класи на намени ........................................... 64
Билансни показатели за Блок СИ 03.05 ....................................................................65
4.1.8. Мерки за заштита ...................................................................................66
4.1.8.1 Мерки за заштита на животната средина ................................................... 66
А) Мерки за заштита на квалитетот на воздухот.................................................... 67
Б) Мерки за заштита на квалитетот на почвата..................................................... 67
В) Мерки за заштита од бучава ..................................................................68
4.1.8.2. Мерки за заштита и спасување.........................................................68
4.1.8.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи .................. 69
4.1.8.2.2 Заштита и спасување од урнатини ........................................................ 70
4.1.8.2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ............................................. 70
4.1.8.2.4. Заштита и спасување од поплави........................................................ 71
4.1.8.2.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства............ 71
4.1.8.2.6. Спасување од сообраќајни несреќи ...................................................... 71
4.1.8.2.7. Прва медицинска помош....................................................................72
4.1.8.2.8. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето ................................. 72
4.1.9.Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност .......................... 72
4.1.10.Мерки за заштита на културното наследство ............................................. 72

4.2. Графички дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1. План на намена на земјиштето и градбите М = 1:1000 ........................................ 74
2. Регулационен план М = 1:1000 ..............................................................74
3. План на површини за градење М = 1:1000 ................................................... 74
4. Сообраќаен и нивелациски план М = 1:1000 ................................................. 74
5. Сообраќајна и функционална класификација на уличната мрежа М = 1:1000 ...... 74
6. Инфраструктурен план – Хидротехничка инфраструктура М = 1:1000 ................. 74
7. Инфраструктурен план – Електротехничка инфраструктура М = 1:1000 ............... 74
8. Синтезен план М = 1:1000 ..................................................................

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ''бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесувањена Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-218/37**
**од 24.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца во Општина Гази Баба, за 2020 година . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на нова детска градинка во населено место Стајковци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

**ПРОГРАМА** за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . .14

**ПРОГРАМА** за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

**ПРОГРАМА** за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .52

**ПРОГРАМА** за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .57

**ПРОГРАМА** за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .61

**ПРОГРАМА** за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .68

**ПРОГРАМА** за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .74

**ПРОГРАМА** за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . .81

**ПРОГРАМА** за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .92

**ПРОГРАМА** за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .102

**ПРОГРАМА** за млади на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .106

**ПРОГРАМА** за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .110

**ПРОГРАМА** за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .114

**ПРОГРАМА** за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . .122

**ПРОГРАМА** за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . .126

**ПРОГРАМА** за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .131

**ПРОГРАМА** за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .135



**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

# СОДРЖИНА

**ПРОГРАМА** за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година ....139

**ПРОГРАМА** за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година ....143

**ПРОГРАМА** за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година ....147

**ПРОГРАМА** за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година ....153

**ПРОГРАМА** за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година ....158

**ПРОГРАМА** за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година ....162

**ПРОГРАМА** за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година ....168

**БУЏЕТ** на Општина Гази Баба за 2020 година ....181

**ОДЛУКА** за престанување на важење на Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година ....249

**ОДЛУКА** за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година ....251

**ОДЛУКА** за користење на средствата од постојана и тековна резерва ....257

**ОДЛУКА** за престанување на важење на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година ....259

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година ....261

**ПРЕПОРАКА** до Градоначалник на Општина Гази Баба за определување на додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба ....263

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба - Скопје ....265

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 01/20**
**35 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци